OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

Скопје, 14 октомври 2016 година

Нова промотивна понуда за станбен кредит од Охридска банка Сосиете Женерал
**"План за стан со гарантирана фиксна каматна стапка до 2030 година", вклучено кредитно животно осигурување и без банкарски трошоци**

Од денеска, Охридска банка Сосиете Женерал го збогатува своето портфолио на производи со нова промоција, овозможувајќи им на своите клиенти уште поповолни услови за користење на станбените кредити; најдолго гарантирана фиксна каматна стапка; промотивна намалена каматна стапка за првите три години, притоа обезбедувајќи највисоко ниво на транспаретност и сигурност за клиентите на кои им е потребен кредит за недвижности.

Новата промоција се однесува на актуелниот "План за стан со гарантирана фиксна каматна стапка до 2030" кој е наменски кредит за купување, реновирање и изградба на недвижен имот. Промоцијата нуди фиксна каматна стапка до 2030-та година која изнесува 3,90% за првите три години и 5,95% фиксна каматна стапка од четвртата до четиринаесеттата година. Клиентите кои во промотивниот период, до 10-ти февруари 2017 година, ќе аплицираат за опцијата "План за стан со гарантирана фиксна каматна стапка до 2030" ќе бидат ослободени од банкарските трошоци: административен трошок, трошок за апликација и трошок за проценка на имот.

"Во април, Охридска банка Сосиете Женерал го претстави концептот "План за стан" воведувајќи, за прв пат на пазарот, станбен кредит со гарантирана фиксна каматна стапка за првите 10 години. Истата е одлично прифатена од страна на нашите клиенти и препознаена и од институциите во државата. Со новата промотивна понуда "План за стан со гарантирана фиксна каматна стапка до 2030 година" одлучивме да отидеме чекор понапред во однос на квалитетот на понудата, обезбедувајќи уште поголема сигурност за клиентите на кои им е потребен кредит за недвижности"- изјави **Стефан Туати,** Член на Управниот одбор на Охридска банка Сосиете Женерал, кој раководи со секторот банкарство за население и маркетинг.

Како банка која нуди и услуги за животно осигурување, Охридска банка Сосиете Женерал им овозможува на клиентите кои ќе аплицираат за станбениот кредит „План за стан“ да изберат помеѓу двата пакета за животно осигурување и тоа: основниот пакет за кредитно животно осигурување со осигурителна премија од 0,44% годишно од износот на кредитот и целосниот пакет за кредитно животно осигурување со осигурителна премија од 0,85% годишно од износот на кредитот.

**РАЗВОЈ НА ПРОИЗВОДИ, МАРКЕТИНГ И КОМУНИКАЦИИ**
ЕЛЕНА ГЛИГОРОВСКА

+389 2 3167 709

ОХРИДСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
ОРЦЕ НИКОЛОВ 54
1000 СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА

obinfo@ob.com.mk
www.ohridskabanka.mk

РЕШЕНИЕ НА ГУВЕРНЕРОТ НА НБРМ: БР. 15810 ОД 30.04.2013

Со промоцијата, клиентите на Охридска банка Сосиете Женерал се сигурни и точно ја знаат висината на ратата. Така, на пример, за станбен кредит со кредитно животно осигурување во износ од 30.000 евра и со рок на отплата од 240 месеци, месечната рата во првите три години изнесува 187 евра, а од четвртата до четиринаесеттата година е загарантирана да биде 217 евра месечно.

Повеќе информации за оваа промотивна понуда клиентите можат да најдат на веб страната www.ohridskabanka.mk

**РАЗВОЈ НА ПРОИЗВОДИ, МАРКЕТИНГ И КОМУНИКАЦИИ**
ЕЛЕНА ГЛИГОРОВСКА
+389 2 3167 709

ОХРИДСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
ОРЦЕ НИКОЛОВ 54
1000 СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА
obinfo@ob.com.mk
www.ohridskabanka.mk

РЕШЕНИЕ НА ГУВЕРНЕРОТ НА НБРМ: БР. 15810 ОД 30.04.2013